ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 I 99/22), и Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на општина Гевгелија, бр.01-2216/15, 01-730/18, 01-1576/18, 01-187/19, 01-485/20, 01-1013/20, 01-1622/20, 01-250/21, 01-856/21, 01-1977/21, 01-2383/22 и 01-2493/22 година, Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 7.2.2023 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за административен службеник**
**во Општина Гевгелија, по јавен оглас 744/2022**

1. За извршител на работното место **Самостоен референт за администрирање и утврдување на данок на наследство, подарок и промет на недвижности во Општина Гевгелија, со шифра УПР 01 01 Г01 000, по јавен оглас 744/2022, СЕ ИЗБИРА кандидатот Наташа Шуклева.**

2. Решение за вработување на избраниот кандидат, ќе се донесе по конечноста на оваа Одлука;

3. Оваа Одлука ќе се објави на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација и ќе се достави до избраниот кандидат;

***О б р а з л о ж е н и е***

На ден 28.12.2022 година, на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха, за потребите на Општина Гевгелија објавен е јавен оглас 744/2022 за пополнување на слободно работно места во општинската администрација на општина Гевгелија.

Со Решение број 10-277/1 од 11.1.2023 година формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас.

Согласно Законот за административни службеници и Уредбата за спроведување на постапка за вработување на административни службеници, се спроведе постапка за вработување, утврдена со Записник бр.10-277/2 од 17.1.2023 година за извршена административна селекција, Записник бр.10-277/3 од 27.1.2023 година за спроведен испит за административен службеник и Записник бр.10-277/5 од 1.2.2023 година за веродостојност на доказите и спроведено интервју.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција изготви конечна ранг-листа на кандидати и достави Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 744/2022, бр.10-277/6 од 1.2.2023 година до Градоначалникот на општина Гевгелија. За работното место **Самостоен референт за администрирање и утврдување на данок на нследство, подарок и промет на недвижности во Општина Гевгелија, ја предложи Наташа Шуклева (ид. код 6EEBBFD), Македонка, со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 91,25.**

Согласно член 45 од Законот за административни службеници, Градоначалникот на општина Гевгелија по разгледување на приложената конечна ранг-листа и доставениот предлог за вработување одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за адинистрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на интернет страната и на огласнта табла на Агенцијата за администрација.

Бр.04-239/1
7.2.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов***

Изработил, Весна Хаџикојчева

Доставено до-
-кандидатот, АА, ОУЧР и архива

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk